**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 21.04.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Симе Златески, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски на почетокот информира дека ќе се одржат две продолженија на седници, прво продолжение на 12-та седница и прво продолжение на 13-та седница. Во врска со двата предложени записници од 11-та и 12-та седница објасни дека тие се заостанати од претходниот период дел поради технички причини, дел првично поради изборите а потоа и поради кризата и вонредната состојба.

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 12-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска. Најави дека за оваа седница има една единствена точка а тоа е Предлог-записник од 11-та седница одржана на 28.02.2020 година. Објасни дека на 11-та седницата само г-дин Јанчески беше отсутен а другите членови беа присутни. Од Агенцијата беше присутен директорот г-дин Трајчевски како и раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска. Објасни дека Предлог-записникот го имаат добиено во материјалите и притоа истиот во претходниот период неколку пати им бил доставен.

Г-дин Трајчев имаше забелешки на страна 21, последниот пасус, петти ред, и предложи по зборот „датумот“ да се додадат и зборовите кои ги кажал „жал ми е што не присуствував на седницата кога се донесе прекинот“. Потоа во истиот пасус, петтиот ред од доле каде пишува „има мислење од Стручната служба“ предложи да се измени бидејќи кажал „има мислење од еден сектор од Стручната служба“.

Г-дин Петрушевски рече дека забелешките се всушност технички корекции и дека за него се прифатливи.

Г-дин Фиданоски на почетокот од дискусијата упати честитки за големиот христијански празник до сите православни верници а на останатите им посака добро здравје. Во врска со предложениот записник рече дека во воведот г-дин Петрушевски дал образложение зошто толку долго се оддолжило усвојувањето на записникот од 11-та седница. Рече дека се согласува со неговите зборови но принципиелно од денот кога се одржала седницата до денес кога се усвојува записникот изминати се околу 52 дена. Според него тоа е предолг период на условно речено пауза на не усвојување на записник. Објасни дека детално во причините не сака да навлегува зошто и како дошло до ова, сигурно постојат, но според него практично се губи сеќавањето во детали на тоа што и како дискутирале. Генерално можеби се сеќаваат меѓутоа за детали од дискусиите го губат сеќавањето. На пример за неговата пренесена дискусија на страна 22 од записникот, во пасусот од 4 реда, мисли дека спомнува и други работи во смисла дека не им требаат вакви театарски претстави, меѓутоа не може да се сети точно во кој контекст го говорел бидејќи не се сеќава што зборувал претходно и што имаше понатаму. Од тие причини, не знае дали ќе се согласат колегите, но предложи ако е прифатливо на местото на записникот за оваа точка да биде видео и аудио записот односно снимката од седницата, за да немаат дилеми што и како кажале. Смета дека така ќе биде нај исправно, затоа што доколку во иднина некој има потреба да се повика на тој записник за одредени потреби најдобро ќе се повика на аудио и видео снимката и на тој начин сѐ што кажале во дискусијата ќе се слушне.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува со забелешките за доцнењето со усвојување на записникот. Но според членовите 23 и 24 од Деловникот за работа на Агенцијата, Записникот од седницата содржи реден број на седница, датум, време, присутни, отсутни, одлуки и заклучоци. Во записниците се става и кратко резиме на дискусиите но не и транскрипт од снимката. Во член 24 од Деловникот пишува дека седницата на Советот се снима аудио и видео. По седницата на Советот се изработува хроника. Тоа значи дека според Деловникот на Агенцијата, аудио и видео снимките се составен дел на седниците иако не се дел од записникот, но се чуваат како документиран материјал. Потсети дека дополнително г-дин Трајчев побарал снимка од 11-та седница исто и г-дин Фиданоски која им беше пратена. Во таа насока рече дека барањето на г-дин Фиданоски снимката да влезе во записникот нема потреба да се става затоа што секако согласно Деловникот, аудио и видео снимката од седницата е составен дел на материјалите и тоа е како атачмент на записникот што треба да се усвои. То е неговиот став.

Г-дин Трајчевски во однос на тоа што го кажал г-дин Фиданоски, рече дека записникот не е стенограм туку претставува краток опис на она што се дискутирало на седницата. Составен дел на секоја седница освен пишаните материјалите се аудио и видео записите не само од овој состав на Советот туку station наназад од кога постои Советот од 97-ма година. Ако се одлучи аудио и видео снимката да стави како составен дел за овој записник ќе треба потоа аудио и видео снимките да се стават и за сите други седници бидејќи не може да биде исклучок само за оваа седница. Инаку и без да биде усвоено од страна на Советот, правило е аудио и видео снимките од седниците да се чуваат и евентуално ако е направена техничка не намерна или намерна грешка во самиот записник може да се констатира од прегледување на снимката од седницата.

Г-дин Фиданоски во врска со дадените образложенија рече дека се согласува но бидејќи станува збор за сензитивна тема, зборувајќи само за точка Разно, не за целиот записник и притоа се води дисциплинска постапка во Агенцијата, од тие причини тоа го предложил. Се согласува дека снимките, аудио и видео записите се составен дел од седниците, не е спорно тоа и така ќе биде и понатаму. Но предложил затоа што е поминато долго време, затоа што оваа точка е сензитивна а кажал зошто и сметал дека на тој начин ќе биде поцелисходно, но не инсистира.

Г-дин Трајчев рече дека сака да дополни дека е добро што се чуваат снимките од седниците, не знаел дека се чуваат неограничено, дека не се уништуваат. Доколку дојде до она што г-дин Фиданоски го потегнал како прашање, доколку дојде до некоја судска постапка затоа што се информирани дека се води дисциплинска постапка, судот би можел да побара увид директно во видео снимката и да се увери во автентичноста на тоа што е зборувано. Сметаше дека Советот предложениот записник треба да го усвојат, Деловникот за работа на Агенцијата кажува дека видео снимката е составен дел на Записникот кој не е стенограм, туку фатени забелешки во кратки црти од тоа што е дискутирано.

Г-дин Фетаи се приклучи кон честитките за христијанскиот празник и посака со здравје и среќа да се прослават и другите празници под други околности од овие сега. Во поглед на дискусиите за содржината на записниците, рече дека иако многу пати имал одредени забелешки сепак претежно не обрнува големо внимание кон записниците токму заради причините кои ги навеле. Аудио и видео снимките ќе помогнат доколку дојде до некакво недоразбирање поради лоша интерпретација на тоа што го зборувале и ако во иднина е потребно да докажат што кажале и што не кажале, бидејќи може да испадне едно мислеле, друго рекле а трето е напишано во записникот. Затоа се аудио и видео снимките од седниците кои се чуваат во архивата на Агенцијата. Нема информација колку долго време тие треба да се чуваат, дали има законска можност според Деловникот, но би било добро да се чуваат бидејќи тие се трајна документација на функционирањето на регулаторот кои би можеле да послужат за нивни потреби доколку напишат автобиографска книга или пак студентите да се одлучат да прават диполмска работа за функционирањето на регулаторот, улогата на директорот, улогата на Советот. Добро е што постојат снимките но и записникот во рамките на можностите треба што поблизу и пореално да ја отсликува целината на седницата и не во детали бидејќи не е стенограм. Понекогаш ги зема стенограмите од Собранието за одредени седници и тие изгледаат како драмски текст од 200-300 страници.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува со сето она што беше искажано. Ова се само записници во кои се пренесува што е разговарано. Но од почетокот на функционирањето на Советот беше пракса да има подетални записници на нивните дискусии, каде што без малку до збор се пренесувани нивните дискусии и од тие причини ја кажал неговата дикусија. Прифатливо е тоа што беше кажано и нема да инсистира на неговиот предлог. Го замоли г-дин Петрушевски во иднина да инсистира кај службите во зависност од нивните обврски да не се заглавува толку долго со еден записник од седница и да чекаат по 50 дена за да го усвојат.

Г-дин Петрушевски објасни дека просторот од 52 дена веќе е направен и не може да се поправи. Сите се свесни зошто дојде до ова, не може времето да се врати наназад и нема потреба да се губи време за дискусии зошто дошло до овие 52 дена.

Советот на Агенцијата со предложените технички корекција од г-дин Трајчев, со 6 гласа „за“ и еден „воздржан“ глас од г-дин Јанчески го усвои Записникот од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Бр. 02-936/4**
**07-05 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**